РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 08-13
20.09.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), во врска со член 70 став 7 и став 8 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – Агенцијата (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 г. и Студијата на Агенцијата, арх.бр.03-3766/1 од 16.09.2024 г., постапувајќи по Писменото барање од заинтересираната страна, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, арх.бр.03-24/1 од 13.01.2022 г. (наш Уп1 бр.08-13 од 20.01.2022 г.) и Пресудата на Вишиот Управен суд на РСМ, УЖ-2.бр.128/2023 од 17.06.2024 г. (наш Уп1 бр.08-13 од 03.07.2024 г.), а согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата, арх.бр.02-3053/9 од 18.07.2024 г. и Заклучокот арх.бр.02-3775/2 од 20.09.2024 г., на 36-та седница одржана на 19.09.2024 г., ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс

1. СЕ ОДБИВА Писменото барање од заинтересираната страна, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, арх.бр.03-24/1 од 13.01.2022 г. (наш Уп1 бр.08-13 од 20.01.2022 г.), за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или општ формат со сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс, од причина што со Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (арх.бр.03-3766/1 од 16.09.2024 г.), се утврди дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво за: 1.програмски сервиси од општ формат со претежно забавна функција, 2.програмски сервиси од општ формат со претежно информативна функција и 3.програмски сервиси од општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции.

2. Одлуката се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Оваа Одлука е конечна.

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

## О б р а з л о ж е н и е

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 21-та седница одржана на 27.05.2022 г. донесе Одлука Уп1 бр.08-13 од 27.05.2022 г. за одбивање на писмено Барање од заинтересираната страна - Трговско радиодифузно друштво (ТРД) 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип бр.03-24/1 од 13.01.2022 г. (наш Уп1 бр.08-13 од 20.01.2022 г.), за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или општ формат со сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс. Наведеното од причина што со студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (наш арх.бр.03-2051/3 од 20.05.2022 г.), се утврди дека не постои оправданост за објавување конкурс за телевизиски програмски сервиси со: 1.претежно забавен општ формат, 2.претежно информативен општ формат и 3.општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс.

Незадоволни од донесената одлука на Агенцијата, ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип на 30.06.2022 г. поднесе тужба, У-3 бр.301/22 од 30.06.2022 г. (наш Уп1 бр.08-13 од 20.07.2022 г.) до Управниот суд на Република Северна Македонија – РСМ, на што Агенцијата на 12.08.2022 г. даде одговор на тужба наш Уп1 бр.08-13 од 12.08.2022 г.

Управниот суд на РСМ по повод Тужбата на тужителот - ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип донесе Пресуда У-3.бр.301/2022 од 07.02.2023 г. (наш Уп1 бр.08-13 од 23.02.2023 г.), со која Тужбата на тужителот за поништување на Одлуката на Агенцијата Уп1 бр.08-13 од 27.05.2022 г., се одбива.

Против цитираната Пресуда на Управниот суд на РСМ тужителот - ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип на 15.03.2023 г. преку Управниот суд на РСМ до Вишиот управен суд на РСМ поднесе Жалба (наш Уп1 бр.08-13 од 06.04.2023 г.), на што Агенцијата на 12.04.2023 г. поднесе Одговор на жалба (наш Уп1 бр.08-13 од 12.04.2023 г.).

На 03.07.2024 г. од страна на Вишиот управен суд на РСМ до Агенцијата доставена е Пресуда УЖ-2.бр.128/2023 од 17.06.2024 г. (наш Уп1 бр.08-13 од 03.07.2024 г.) со која жалбата на тужителот – ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип се уважува, Пресудата на Управниот суд У-3.бр.301/2022 од 07.02.2023 г., се преиначува, тужбата на тужителот - ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип се уважува, а Одлуката на Агенцијата Уп1 бр.08-13 од 27.08.2022 г., се поништува и предметот се враќа на повторно одлучување на тужениот орган. Вишиот управен суд во цитираната Пресуда укажал дека од член 70 став 4 од ЗАВМУ произлегувало дека Агенцијата требало да ја изработи Студијата.

Советот на Агенцијата постапувајќи по Пресудата на Вишиот Управен суд на РСМ, УЖ-2.бр.128/2023 од 17.06.2024 г. (наш Уп1 бр.08-13 од 03.07.2024 г.), на 29-та седница одржана на 17.07.2024 г., донесе Заклучок арх.бр.02-3053/9 од 18.07.2024 г. со кој се задолжува Агенцијата да изработи Студија која ќе ја утврди оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или општ формат со сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс, особено од аспект на исполнувањето на целта на ЗАВМУ, како и од аспект на потребата на публиката, во рок од 60 дена од денот на донесување на Заклучокот на Советот.

Во утврдениот рок, Агенцијата изработи Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (арх.бр.03-3766/1 од 16.09.2024 г.). Студијата е објавена на веб страницата на Агенцијата на 16.09.2024 г.[2]

Студијата содржи воведен дел, како и следните делови: 1. Економска анализа, 2. Анализа на медиумската понуда, 3.Анализа на ставовите на публиката и Заклучоци.

линк за студијата: https://avmu.mk/istrazuvanja-studii-tv-so-konk/

Во воведниот дел на Студијата е објаснета нејзината цел, односно утврдувањето на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс. Имено, како што е утврдено во член 70 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, таквата оправданост треба да се утврди од два аспекти: 1.од аспект на исполнувањето на целите на ЗАВМУ и 2.од аспект на потребите на публиката. За да може да одговори за целта за која е изработена, Студијата методолошки е поставена и се состои од економска анализа, анализа на постојната медиумска понуда и анализа на потребите на публиката.

1. Делот „Економска анализа" го потврди досега многу пати повторуваниот став од страна на разни релевантни чинители во областа на медиумите, дека *македонскиот медиумски пазар е многу мал и со слаб економски потенцијал, со мошне ограничени ресурси за рекламирање, како и дека бројот на субјекти е преголем, што ја доведува во прашање одржливоста на пазарот*.

2.„Анализата на постојната медиумската понуда" покажа недостиг од разновидност и на програмските формати на телевизиските програмски сервиси и на програмските содржини што тие ги емитуваат. Имено, 38 од вкупно 39 телевизии емитуваат програмски сервиси од општ формат, а дури 33 од нив имаат општ формат со претежно забавна функција. Сите пет телевизии што емитуваат програма на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс емитуваат програмски сервиси од општ формат, и сите пет со претежно забавна функција. Ниту една телевизија не емитува програмски сервис од општ формат со претежно образовна функција, а само една (регионална) емитува програмски сервис од специјализиран формат, и тоа музичка телевизија. Според програмските концепти што ги доставија во Агенцијата при доделувањето на дозволите во 2014 г., во текот на една недела овие пет телевизии заедно емитуваат 131 час и 40 минути програми кои исполнуваат информативна функција, 146 часа и 49 минути програми со образовна функција и 449 часа и 49 минути програми со забавна функција.

3.„Анализата на потребите и ставовите на публиката" покажа дека значаен дел од публиката смета дека на програмите на македонските телевизии не се доволно застапени документарни емисии, образовна програма, програма од областа на уметноста и културата, спортска програма, програма за деца и цртани филмови, а истовремено публиката не е задоволна ни од квалитетот на овие програми. *Значаен дел од публиката смета дека премногу или доволно застапени и со задоволителен квалитет се играните серии (теленовели) во турска, индиска или латиноамериканска продукција; вестите и информативните содржини; политичките дебатни емисии; филмовите, забавните и музичките емисии*, а како програмски содржини кои се доволно застапени, но квалитетот не е на задоволително ниво, публиката ги посочила играните серии во европска и северноамериканска продукција. Анализата на потребите и ставовите на публиката покажа дека програмските содржини што ги нудат домашните телевизиски станици може да се категоризираат во следните три групи: 1. програмски содржини што се премногу или доволно застапени и се со задоволителен квалитет: играни серии (теленовели) во турска, индиска или латиноамериканска продукција; вести и информативни содржини; политички дебатни емисии; филмови, забавни и музички емисии, 2. програмски содржини кои се доволно застапени, но квалитетот не е на задоволително ниво: играни серии во европска и северноамериканска продукција и 3. програмски содржини што не се ни доволно застапени, ни со квалитет на задоволително ниво: документарни емисии; образовна програма; програма од областа на уметноста и културата; спортска програма; програма за деца и цртани филмови.

Последниот дел од Студијата - „Заклучоци" ги обединува сознанијата од сите три анализирани аспекти и врз основа на тоа е утврдено дека: Податоците од Анализата треба да се гледаат во контекст на Препораката CM/Rec(2018)1 на Советот на Европа од март 2018 година, за плурализам во медиумите и транспарентност на медиумската сопственост, во која е наведено дека „*Различните типови на медиуми, заедно со различните жанрови или форми на уредувачки содржини или програми, придонесуваат*

*за разновидност на содржините. Иако содржините фокусирани на вести и актуелни прашања се од најдиректна важност за развојот на информирано општество, подеднакво важни се и другите жанрови. Примерите вклучуваат културни, едукативни и содржини од забавен карактер, како и содржини насочени кон одредени делови од општеството, како што се локалните содржини и содржини наменети за ранливите групи, како малцинствата и лицата со попреченост".*

*Наодите од оваа Студија покажуваат дека не постои оправданост да се објави конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво за: 1. програмски сервиси од општ формат со претежно забавна функција, 2. програмски сервиси од општ формат со претежно информативна функција, и 3. програмски сервиси од општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции. Она што е потребно се специјализирани телевизиски сервиси*.

Согласно член 70 став 7 од ЗАВМУ, пропишано е дека доколку со студијата од став 4 на член 70 од истиот Закон се утврди дека нема оправданост за објавување на јавен конкурс, Агенцијата во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на студијата ќе донесе одлука со која ќе го одбие барањето од став 1 на член 70 од истиот Закон.

Во врска со сето погоре образложено, согласно член 70 став 7 од ЗАВМУ, а имајќи предвид дека со Студијата на Агенцијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс (арх.бр.03-3766/1 од 16.09.2024 г.), се утврди дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво за: 1. програмски сервиси од општ формат со претежно забавна функција, 2. програмски сервиси од општ формат со претежно информативна функција, и 3. програмски сервиси од општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, Советот на Агенцијата на 36-та седница одржана на 19.09.2024 г., го разгледа и усвои Предлогот Уп1 бр.08-13 од 18.09.2024 г., поднесен од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата, за донесување на одлука со која ќе се одбие барањето за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс на ТРД 24 ВЕСТИ Штип, арх.бр.03-24/1 од 13.01.2022 г. (наш Уп1 бр.08-13 од 20.01.2022 г.).

Следствено на тоа, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10 од ЗАВМУ, во врска со член 70 став 7 и став 8 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Студијата на Агенцијата, арх.бр.03-3766/1 од 16.09.2024 г., постапувајќи по Писменото барање од заинтересираната страна, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, арх.бр.03-24/1 од 13.01.2022 г. (наш Уп1 бр.08-13 од 20.01.2022 г.) за донесување одлука за објавување јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско емитување на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс и Пресудата на Вишиот Управен суд на РСМ, УЖ-2.бр.128/2023 од 17.06.2024 г. (наш Уп1 бр.08-13 од 03.07.2024 г.), а согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата, арх.бр.02-3053/9 од 18.07.2024 г. и Заклучокот арх.бр.02-3775/2 од 20.09.2024 г., на 36-та седница одржана на 19.09.2024 г., донесе Одлука со која се одбива Писменото барање од заинтересираната страна, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, арх.бр.03-24/1 од 13.01.2022 г. (наш Уп1 бр.08-13 од 20.01.2022 г.), за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или општ формат со сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс, од причина што со Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (арх.бр.03-3766/1 од 16.09.2024 г.), се утврди дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво за: 1. програмски сервиси од општ формат со претежно забавна функција, 2. програмски сервиси од општ формат со претежно информативна функција, и 3.

програмски сервиси од општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции.

Врз основа на наведеното, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот. Одлуката е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Одлуката ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Оваа одлука е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**

- Заинтересираната страна, подносител на писменото барање, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Директорот на Агенцијата;
- Сите организациони единици/сектори/служба во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и
- Назначените лица за водење на Уписникот (Уп1).